Бр./Nr 12-1359/2
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1359/1 од 09.04.2024 година, со наводи за нестручно и незаконито постапување на Јавен обвинител од Основното јавното обвинителство ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1359/1 од 09.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 09.04.2024 година, доставена е пријава заведена под број 12-1359/1, со наводи за нестручно и незаконито постапување на Јавниот обвинител, ------------, од Основното јавното обвинителство ----------. Подносителот во пријавата наведува дека имал поднесено пријава во Министерството за внатрешни работи за нелегален упис во Катастар за недвижности во Скопје на ден 13.03.2028 година, заведена со архивски број ----------------------. Во пријавата исто така е наведено и дека во врска со истите наводи бил оформен предмет и во Основното јавно обвинителство -----------, заведен со архивски број ---------------- од 31.07.2019 година, кој бил доделен во работа на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Основниот јавен обвинител --------- ----------. Подносителот, наведува дека во повеќе наврати се обратил со барања за одговор во врска со преземените активности во постапката, но не добил одговор.
Од причина што покрај до наведените институции се обратил со соодветен поднесок и до Советот за јавни обвинители, исто така побарал информација за надлежното постапување од страна на истите, по што добил одговор дека во врска со поднесената Претставка --------------- година и доставената Ургенција по истата, не биле превземени никакви активности од надлежните институции.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата